Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 20 декември 2005 година.

Бр. 07-4737/1
20 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004 и 62/2005), во членот 4-а став 1 зборовите: "и ако нема оцена на работната способност од Комисијата од членот 2 став 3 на овој закон дека може да ги извршува работите на соодветното работно место" се бришат.

По ставот 1 се додаваат три нови става 2, 3 и 4, кои гласат:

"Работите кои може да ги извршува инвалидното лице на соодветното работно место ги определува Комисија при Министерството за труд и социјална политика која со акт ја формира министерот за труд и социјална политика, со кој го определува и составот на Комисијата.

Министерот за труд и социјална политика со акт го определува начинот за донесување на Наодот и мислењето на Комисијата од ставот 2 на овој член.

Средствата за работа на Комисијата од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Посебниот фонд од членот 15 став 1 на овој закон."

Во ставот 2 кој станува став 5 зборовите: "членот 2 став 3" се заменуваат со зборовите: "членот 4-а став 2".

Член 2

Во членот 11 по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

"Заедницата од ставот 1 на овој член ги врши административните работи и води евиденција за издадените Наоди и мислења на Комисијата од членот 4-а став 2 на овој закон."

## Член 3

Во членот 15 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

"Неискористените средства од ставот 1 на овој член Агенцијата може да ги користи за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица.

Одлука за користење на средствата од ставот 2 на овој член донесува Владата на Република Македонија по предлог на Агенцијата."

Во ставот 2 кој станува став 4 по зборовите: "став 1" се додаваат зборовите: "и став 2".

Ставот 3 станува став 5.

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".